Во согласност со чл. 35, став 1 од Статутот на Друштвото на писателите на Македонија, изготвен е следниов

ЗАПИСНИК

од конститутивната седница на Управниот одбор на Друштвото на писателите на Македонија

Седница бр. 1-2026 (конститутивна седница на УО на ДПМ)
одржана на ден: 4.6.2026 г.
Локација: ДПМ и Zoom
Час: 18:00
По Предлог-дневен ред бр.: 1-2025 од 1.6.2026
Членови на УО на ДПМ присутни на седницата: Гордана Јовиќ-Стојковска, Живко Гроздаоски, Петар Андоновски, Драгана Евтимова, Сеида Бегановиќ (во ДПМ) Елизабета Јончиќ и Хана Корнети (на Zoom)

Усвоен дневен ред:

1. Усвојување Предлог-дневен ред на конститутивна седница на УО на ДПМ (4.6.2026 г.)
2. Избор на потпретседател на Друштвото на писателите на Македонија
3. Избор на Пописна комисија во ДПМ
4. Избор на Статутарна комисија во ДПМ
5. Усвојување измени и дополнувања во Правилник за работењето на УО на ДПМ (од 17.5.2025 г.)
6. Усвојување измени и дополн. во Правилник за работ. на техн. секретар на ДПМ (од 25.11.2024 г.)
7. Избор на технички секретар на Друштвото на писателите на Македонија
8. Организација на книжевно читање и конкурс „Празник на липите" за 2026 г. (20 јуни 2026 г.)
9. Избор на членови на редакција на „Стожер"
10. Разно

Пред усвојувањето на Предлог-дневниот ред, претседателката на ДПМ, Гордана Јовиќ-Стојковска ги поздрави членовите на Управниот одбор, го искажа задоволството од тоа што ќе работи со Управен одбор во добар дел составен од автори од помладата генерација членови на Друштвото. Во однос на водењето записник од седницата, претседателката праша дали колегите се согласни седницата да се снима, при што членовите на УО едногласно го прифатија предлогот. Потоа се пристапи кон избор на записничар за седницата, а претседателката Јовиќ-Стојковска го преложи Живко Гроздаоски како записничар поради воведеноста во формалните процедури, како дотогашен претседател на ДПМ. Гроздаоски беше едногласно прифатен за записничар на конститутивната седница.

1. Во однос на првата точка, предлог-дневниот ред беше едногласно усвоен од членовите на УО.

2. Во однос на втората точка, избор на потпретседател на ДПМ, претседателката Јовиќ-Стојковска го предложи Живко Гроздаоски за потпретседател како автор кој добил најмногу гласови од членовите на УО на изборното Собрание. Петар Андоновски изјави дека за потпретседател го поддржува оној член

на ДПМ што освоил најмногу гласови од членовите на УО, односно Гроздаоски. Елизабета Јончиќ и Хана Корнети исто така го предложија Гроздаоски за потпретседател. Евтимова за потпретседател го предложи Петар Андоновски, кој не ја прифати кандидатурата. Управниот одбор на ДПМ го избра Живко Гроздаоски за потпретседател со пет гласа „За" и два гласа „Против". „За" гласаа Гордана Јовиќ-Стојковска, Живко Гроздаоски, Петар Андоновски, Хана Корнети и Елизабета Јончиќ, додека „Против" гласаа Сеида Бегановиќ и Драгана Евтимова.

3. Во однос на изборот на пописна комисија, УО на ДПМ предложи седум можни членови: Андрија Дојчиновски, Снежана Стојчевска, Симона Јовановска, Ирена Јурчева, Ленче Милошевска, Стево Симски, Васо Николовски. Пописната комисија брои тројца членови, а се составува со тоа што предложените членови се контактираат еден по еден, сè додека не се обезбдат тројца.

4. Во однос на изборот на статутарна комисија, Хана Корнети побара објаснување на значењето и целите на оваа комисија, по што претседателката Јовиќ-Стојковска детално ја образложи потребата од конституирање статутарна комисија и начините на работа на комисијата. Потоа членовите на Управниот одбор ги предложија следните членови на ДПМ за членови на идната статутарна комисија: Анита Бошкова, Сеида Бегановиќ, Иван Додовски Ана Пејчинова и Лидија Дочовска-Павловска.

5. Во однос на предложените измени и дополнувања во Правилникот за работа на УО на ДПМ, Управниот одбор ги усвои предложените измени во членовите 7, 8 (став 2 и 3), 9, 18 и 19, ја отфрли предложената измена во член 8 став 1, а во однос на член 20, членот беше прифатен, со тоа што беше додаден нов став 3, кој гласи: „ Усвоената Одлука влегува во сила откако сите членови на УО ќе потврдат дека се известени и ќе искажат свој став во врска од одлуката."

6. УО на ДПМ едногласно ги усвои предложените дополнувања во Правилникот за работењето на техничкиот секретар во ДПМ (член 2). Во однос на додадениот став 2 од член 2, Петар Андоновски забележа дека соодветно е член на ДПМ да може да биде ангажиран како технички секретар, особено доколку не е во редовен работен однос.

7. Во однос на изборот за технички секретар на ДПМ, Гордана Јовиќ-Стојковска пред присутните ја искажа можноста како секретар во месец јуни и делумно во јули да биде ангажиран потпретседателот Живко Гроздаоски, со тоа што во јули би било ангажирано уште едно лице, кое би било запознато со работата на ДПМ: начините на прием, заверка и архивирање на документи, но и подготовка и праќање дописи, како и ажурирање на веб-страницата на ДПМ и менаџирање на односите со јавност, т.е. комуникација со медиумите и грижа за Фејсбук и Инстаграм страниците на ДПМ. Таа исто така додаде дека во текот на август ДПМ не би имало ангажиран секретар, а доколку има потреба, тука би биле таа и потпретседателот Гроздаоски. Сеида Бегановиќ укажа на потребата ангажирањето на технички секретар да биде во согласност со законот за работни односи, забележа дека смета дека постои

проблем со концентрацијата на функции и можни судири на интереси. Посочи дека Грозданоски не може истовремено да биде потпретседател и технички секретар, на што претседателката Јовиќ-Стојковска укажа дека тоа не би било официјално вработување, туку ангажман со договор на дело.

8. Во однос на традиционалниот поетски фестивал „Празник на липите" и организацијата на книжевно читање и на книжевен конкурс, потпретседателот Грозданоски изјави дека имајќи го предвид краткиот рок за отворање повик за достава на песни и организација на награден конкурс кој би завршил на 20 јуни, денот предвиден за врачување на наградата „Книжевен жезол"на ДПМ за 2026 г. на Роза Бојанова и на Ристо Василевски, предлага на поетското читање на „Празник на липите" да настапат оние поети и прозаисти што минатата година учествувале на конкурсот, но не настапиле на поетското читање. Во врска со наградниот конкурс, Грозданоски го претстави пред Управниот одбор бодовникот од гласањето на тричлената комисија на минатогодишниот конкурс и изјави дека наградите би можеле и би требало да им се доделат на тројцата членови на ДПМ што учествувале на конкурсот и, според бодовниот, се издвоиле од преостанатите учесници. Грозданоски додаде дека наградите би биле доделени од УО, а врз основа на постоечкиот бодовник. Членовите на УО го прифатија предлогот за организацијата на поетското читање на фестивалот „Празник на липите", но го отфрлија предлогот за доделување на наградите на тројцата автори што добиле најмногу бодови на минатогодишното издание на конкурсот „Помеѓу пејзажот и бетонот" бидејќи се сметаат за ненадлежни за коригирање на минати пропусти во организацијата и спроведувањето на конкурсот.

9. Во однос на можни членови на редакцијата на „Стожер", Петар Андоновски го предложи Давор Стојановки, а потоа беа предложени и Ахмет Селмани, Весна Мундишевска-Велјановска, Михајло Свидерски, Билјана Црвенковска, Драгана Лукан Николоски и Игор Станојоски. Во однос на изборот на член од редакцијата од Битола, се гласаше за еден од двајцата кандидати, при што и Свидерски и Мундишевска-Велјановска добија по два гласа. Корнети гласаше како воздржана. Најпосле, се дојде до предлог и Свидерски и Мундишевска-Велјановска да бидат уредници на по еден број од преостанатите два броја за оваа година. Во однос на лектор на списанието, беше предложена Елизабета Бандиловска, претседателка на Здружението на лектори на Македонија. Во дискусијата во врска со „Стожер", Петар Андоновски ја предложи Гордана Јовиќ-Стојковска за главен и одговорен уреднк, по што беше укажано дека претседателката Гордана Јовиќ-Стојковска, која е потпишана како издавач на ревијата, би го исчитувала бројот пред печатење, како главен и одговорен уредник, и би добила соодветен надоместок за ангажманот – нешто што од следната година би било дел и од проектот што се доставува до Министерството за култура. Сеида Бегановиќ образложи дека не би било во ред претседателката да биде и главен и одговорен уредник, поради дуплирање на функциите, на што Живко Грозданоски додаде дека би биле сериозно критикувани, а претседателката ги уважи нивните забелешки, но инсистираше на тоа дека поради рокот што го налага договорот со Министерството за култура и туризам, можни се потреби од ангажирање лица со искуство со работа со списание, и додаде дека тоа би можела да биде

Драгана Евтимова, или кој било друг од УО со искуство. Во однос на содржината на списанието, Сеида Бегановиќ укажа на можноста за изработка на тематски броеви на „Стожер".

10. Под точка „Разно" членовите на УО одлучуваа на неколку теми:

a. Учество на фестивалот „Поетски синтези" во Битола на 26 јуни: беше донесена одлука да се направи напор на фестивалот да учествуваат најмалку неколку членови на ДПМ, кои би патувале до Битола со едно возило.

b. Висина на надоместоци на членовите на Управниот одбор и висина на надоместокот за техничкиот секретар на ДПМ: беше одлучено сите членови на УО да добиваат надоместок од 2.000 ден. од седница, со тоа што УО не би имало повеќе од една седница месечно. Од друга страна, надоместокот на техничкиот секретар на ДПМ, кој освен тековните административни обврски ќе ја има задачата да ги менаџира веб-страницата на Друштвото, социјалните мрежи (Фејсбук и Инстаграм) и односите со јавност и со медиуми, ќе изнесува 30.000 денари.

По исцрпувањето на дневниот ред, претседателката Јовиќ-Стојковска ги извести членовите на УО на ДПМ дека следната седница на УО би се случила на крајот од јуни, по конституирањето на Судот на честа на ДПМ. Во јули не би имале седница на УО. На втората седница на УО на ДПМ би била усвоена полугодишна програма за работа на ДПМ (јули-декември 2026), а во меѓувреме би се конституирала и статутарната комисија. Претседателката Јовиќ-Стојковска на крај зборуваше за неопходноста тековните проекти на ДПМ во Министерството за култура да бидат навреме реализирани, како и за можностите што се отворени пред Друштвото, помеѓу кои и учеството на бројни конкурси (ЕАЦЕА, Град Скопје и други) и соработка со различни институции (Амбасади, Француски културен центар, итн.) преку кои може да бидат обезбедени финансии за идното работење на Друштвото, особено во пресрет на јубилејот 80 години од основањето на ДПМ – нешто за што исто така ќе треба да се изготви детална програма.

На крај, за дискусија се јави Хана Корнети, која зборуваше за можноста Друштвото на писателите да функционира како мост помеѓу современите автори и публиката, на начинот на којшто МРТ порано била заеднички дом, платформа на која среќавале и остварувале размена уметниците од различните сфери. Поентата би била членството да го претстави своето творештво пред публиката и да се допре до што поголем дел од јавноста. Освен тоа, би се остварувала соработка и со други уметници: филмаџии, музичари, ликовни уметници, и би се организирале хибридни настани, како на пример промоција и изложба. Тоа би бил начин да се премостат одредени јазови: помеѓу креативците и публиката, но и помеѓу самите уметници.

Записник изготвен од потпретседател Живко Гроздановски
6.6.2026 г.

Записник проверен и одобрен од претседател на ДПМ
Гордана Јовиќ-Стојковска
10.6.2026 г.